РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 09 - 1356/1
16.12. 2025 год.
Валандово

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 и 16 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и "Службен весник на РСМ" бр. 202/2024), а во врска со одредбите од Законот за спречување на корупција и судир на интерси ("Службен весник на РМ" бр.12/2019), Градоначалникот на општина Валандово донесе:

**УПАТСТВО**
**за управување со судир на интереси**

## I. ВОВЕД

Член 1

(1) Со оваа упатство се уредуваат правилата за управување со судир на интереси за да се спречи злоупотреба на јавните овластувања и должности на службените лица во Општина Валандово.

Член 2

(1) Согласно политиката на интегритет на Општина Валандово при извршувањето на своите должности и овластувања, градоначалникот, членовите на советот и сите вработени во општинската администрација на Општина Валандово ги почитуваат начелата на законитост, еднаквост, на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес, внимавајќи при тоа да не се доведат во положба на судир на интереси и при вршењето на своите должности и овластувања не се раковадат од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.

(2) При што, при постоење на било каков потенцијален судир на интереси истиот задолжително се пријавува кај лицето за интегритет во Општина Валандово, согласно насоките за спречување на судир на интереси.

(3) Службените лица не примаат подароци, привилегии или погодности. Исклучоците од оваа забрана се утврдени со закон. Подароци, без разлика дали се примени или одбиени, а кои не било можно да се вратат, како и без разлика на нивната вредност, задолжително се евидентираат, а копија од листата од евиденцијата за примените подароци се доставува до Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно закон.

## II. СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Член 4

(1) Под **судир на интереси** се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

(2) **Судирот на интереси** подразбира постоење на приватен интерес, а во ситуација на акумулирање на јавни функции, се појавуваат два или повеќе судири на јавен интерес.

(3) Под **приватен интерес** се подразбира остварување на каква било материјална или нематеријална корист, поволност или предност за себе или за друг во вршењето на јавните овластувања.

(4) Под **јавен интерес** се подразбира загрозување на поширокиот општествен интерес со предизвикување штета од материјална или нематеријална природа, како резултат на дејствување од позиција на судир на приватниот со јавниот интерес.

(5) Согласно дефиницијата за судир на интереси и нејзините елементи(особено приватниот интерес), постојат неколку облици на судир на интереси кои треба да се препознаат, и тоа:

- **Реален (де факто) судир на интереси**

Вистински судир на интереси вклучува директен судир помеѓу тековните обврски и одговорности на службеното лице и неговите постојни приватни интереси

-**Привиден судир на интереси**

Привиден судир на интереси се однесува на ситуација каде што постои личен интерес кој што разумно од страна на другите би можело да го сметаат дека влијае на извршувањето на должностите на службеното лице, иако всушност не мора да посоти такво несоодветно влијание или воопшто нема влијание.

-**Потенцијален судир на интереси**

Потенцијален судир на интереси постои кога службеното лице има приватен интерес што би можело да биде во судир со неговата службена должност во иднина.

(6) Една од формите на судир на интереси дефинирана со закон е "судир на интереси при вработување на блиски роднини", т.н. **непотизам**.

(7) Како следен облик на судир на интереси е **неспоивост на функции**.

Забраната за неспоивост на функции за вршење на други функции или дејности има за цела да спречи ситуација во која слуќбеното лице нема да може да ја врши службената должност законски, совесно и непристрасно.

(8) **Забрана за злоупотреба на службени подароци, заеми и други видови поддршка од државата и државен имот**

Иако на прв поглед не е целосно поврзано со судирот на интереси, сепак злоупотребата на секаков вид државен "имот" во спороствена корист претставува состојба каде службеното лице и неговото постапување/однесување како субјективн е во судир на јавниот интерес.

Член 5

(1) Меѓународните стандарди, насоки и препораки дефинираат дека:

- ✓ Јавниот интерес мора да биде на прво место;
- ✓ Транспарентноста на процесот на донесување одлуки е од исклучително значење;
- ✓ Систем за пријавување и следење на имотот и интересите да биде воспоставен;
- ✓ Индивидуалната одговорност и личниот пример се основа за доброто управување;
- ✓ Организациската култура која не толерира судир на интереси мора де се поттикнува и развива.

## III. СЛУЖБЕНИ ЛИЦА

Член 6

(1) Генерален принцип за спречување на судирот на интереси е обврската на службените лица секогаш да постапуваат во полза на јавниот интерес, исклучувајќи ги своите приватни интереси и постапувајќи според принципите на законитост, ефикасност, доверливост, независност, самостојност, чесност и професионализам.

(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и

професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.

(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.

(4) Во Општина Валандово, градоначалниот и вработените како службени лица се должни да :

- Да дејствуваат со личен интегритет и индивидуална одговорност;
- Да претставуваат позитивен пример на другите службени лица и на јавноста;
- При прифаќање на функцијата да се преземе и зголемена одговорност за однесување во јавниот и приватниот живот;
- Во случај на судир на интереси да има лична одговорност, идентификација на истото, како и известување до лицето за интегритет во Општина Валандово за потенцијалниот судир на интереси и разрешување на истото;
- Овозможување на јавноста пристап до информации кои се од нејзин интерес и кои има право да ги знае;
- Службеното лице во Општина Валандово не смее да го прифати или да оствари било каква корист за себе или за нему блиско лице, која е резултат на извршување или незвршување на негови службени должности;
- Службеното лице во Општина Валандово е должно да побара одобрување за дополнително/хонорарно работење, од градоначалникот на Општина Валандово(согласност).

## IV. АКТИВНОСТИ ОСЕТЛИВИ НА КОРУПЦИЈА И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Член 7

(1) Активности идентификувани како осетливи на корупција и судир на интереси по области се следните:

- Јавни набавки
- Управување со човечки ресурси
- Инспекциски надзор
- Издавање на согласност и дозволи

## V. НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ОД НАСТАНУВАЊЕ НА СИТУАЦИИ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Член 8

(1) За да се избегне судир на интереси неопходно е:

- Проширување на знаењето за тоа што е судир на интереси;
- Користење на обуки, публикации, експертизи со цел правилно управување со судирот на интереси;
- Давање јасни и практични примери за илустрација на оваа појава;

- Проценување на ризиците од судирот на интереси, воведување на систем за управување и следење на истите;
- Назначување на лице или тим за спроведување на споменатиот систем;
- Разгледување на прашањето за судир на интереси како дел од организациска култура;
- Примена на санкции за непочитување на правилата за управување со судирот на интереси;
- Решавање на сите случаи на судир на интереси на праведен и законски начин.

## VI. ПОСТАПКА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА И СУДИР НА ИНТРЕРЕСИ

Член 9

(1) Општина Валандово води антикорупциска политика не толерирајќи коруптивно однесување односно, искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за остварување било каква корист на вработениот или негов близок.

- Градоначалникот и раководните структури на Општина Валандово се одговорни за проценка и остварување на ризиците кои пто се придонесуваат за корупција, поткуп, судир на интереси како и било каква друга форма на неетичко и незаконско однесување.
- Вработените во Општина Валандово се должни да постапуваат чесно и одговорно во извршување на своите задачи и работни обврски, покажувајќи лојалност кон институцијата и грижа за нејзиниот углед како на работното место така и во јавноста.
- Вработените во општината се должни да пријават било какво коруптивно однесување на начин пропишан согласно процедурите за пријавување во случаи на постоење сомнеж за корупција, како дел од службената должност и одговорност на вработениот, а не негово право на избор.
- Вработен во општината на кој му бил понуден поткуп или бил потикнат на незаконски дејствија, е должен веднаш да ја прекине комуникацијата со лицето кое му понудил поткуп, а затоа веднаш писмено да го извести надлежното лице во општината.
- На вработен во општината кој пријавува корупција, судир на интереси како и било каква друга форма на неетичко и незаконско однесување му се гарантира дека информациите се целосно доверливи.
- По анонимните пријави ќе се постапува само доколку истите содржат доволно информации за утврдување на фактичката состојба за постапување по истите.
- Градоначалникот и раководните структури на Општина Валандово врз основа на искрено убедување дека пријавата се темели на вистина го гарантираат правото на заштита на вработените кои пријавиле незаконски и коруптивни дејствија.

Член 10

(2) Пријавите се поднесуваат до лицето за интегритет во Општина Валандово, во писмена, електронска или усна форма на понатамошно постапување согласно Законот за спречување на корупција и судир на интереси, како и останатите позитивно законски прописи со кои се регулира оваа област. Оваа упатство како и податоците на лицето за интегритет се објавуваат на веб страната на Општина Валандово.

Прилог 1. Процедура за пријавување на корупција и судир на интереси во Општина Валандово




Член 11

(3) Оваа упатство влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник
На Општина Валандово
Ѓоко Камчев